РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1437/7
04-09-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1437/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1437/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1437/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ______________ по избор на функцијата член на совет на Општина__________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на фукцијата член на совет на Општина ______________, не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес и сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1437/5 од 13.05.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 19.05.2026 година видно од датумот и потписот на доставницата. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.
По уплатата на глобата лицето има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D-член/anëtar